ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА СЛЕДЕЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ ВО КОНЕЧНИОТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ТЕМА

**„Ефикасност на извршените услуги на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија преку искористување на возниот парк“**
**Бр 10-314/5 од 29.03.2013 година**

02 2019 03 13

**Скопје, февруари 2020 година**

# С О Д Р Ж И Н А


| | Страна |
|---|---|
| Резиме | 1 - 4 |
| Вовед | 5 - 5 |
| Цел на ревизијата | 5 - 6 |
| Опфат и методологија | 6 - 7 |
| Резултати од ревизијата на следење на препораките | 7 - 28 |
| Заклучок | 29 - 29 |

Кратенки користени во извештајот

Одлука – Одлука за основање на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ;
Уредба – Уредба за условите и начинот на користење на услугите што ги врши Службата за општи и заеднички работи;
Упатство – Упатство за определување на начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила;
СОЗР – Служба за општи и заеднички работи;
РСМ - Република Северна Македонија;
ВРСМ – Влада на Република Северна Македонија;
МФ – Министерство за финансии;
МО – Министерство за одбрана;
МВР – Министерство за внатрешни работи

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број:10-356/1

Дата: 25.02.2020

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Државната ревизија, согласно Законот за државната ревизија, опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај на овластениот државен ревизор.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на спроведување на дадените препораки содржани во Конечниот ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност, број 10-314/5 од 29.03.2013 година на тема „Ефикасност на извршените услуги на службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк“ согласно Годишна програма за работа за ДЗР за 2019 година.

Ревизијата на успешност имаше за цел да даде оценка дали Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија ги извршува услугите за превоз со моторни возила на ефикасен начин со цел задоволување на барањата и потребите на корисниците, согласно законските надлежности и да даде оценка на ефикасноста на извршените услуги на СОЗР преку искористувањето на возниот парк.

Целта на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

Со оваа ревизија утврдивме дека од 13 (тринаесет) препораки дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревозор 7 (седум) препораки се спроведени целосно, 4 (четири) препораки се спроведени делумно, 1 (една) препорака е неприменлива поради извршени измени на законските акти и 1 (една) препорака не е спроведена.

**Во област на ревизија - законска регулатива** - 1 препорака е спроведена и 1 е делумно спроведена и тоа:

- донесена е Годишна програма за работа на СОЗР за 2018 година и Годишна програма за работа на СОЗР за 2019 година, со дефинирани активности кои треба да се реализираат, периодот на извршување, носител за спроведување на имплементација, потребните финансиски средства за реализација и ефектот кој ќе се постигне со нивната реализација;
- донесено е Упатство за начинот и условите на користење на услугите со превоз со моторни возила со кое е извршено усогласување на одредбите со измените на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР и Правилник за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР на Владата на РСМ со кои подетално се уредува начинот и постапката за користење на службени моторни возила.

**Во област на ревизија – организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР** - 3 препораки се спроведени и 1 е делумно спроведена и тоа:

- одделението за превоз и одржување на моторни возила има изработено извештај за трошоците за моторните возила, информација за направени трошоци за сервисирање на блиндирани патнички моторни возила, план за работа за 2018 година како и донесени се годишни програми за извршување на работите за 2017 и 2018 година;
- согласно годишниот план за вработување за 2017, 2018 и 2019 година во одделението за превоз и одржување на моторни возила се планирани нови вработувања, а во 2017 и 2018 година доставени се барања за нови вработувања;
- донесен е Правилник за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР и
- воспоставена е пракса на доставување на известувања за неплатен долг до корисниците за извршени услуги за превоз со моторни возила.

**Во област на ревизија – постапка за давање на услуги за превоз со моторни возила** – 2 препораки се делумно спроведени, 1 препорака е спроведена и 1 препорака е неприменлива и тоа:

- договорите за вршење на општи работи и услуги сеуште се склучуваат со задоцнување;
- сеуште се кроисти стариот Образец - Барање за превоз со моторни возила;

- донесено е ново Упатството[1] за определување на начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила, во кое е избришана одредбата/обврската на корисниците на моторни возила за потврдување на податоците за извршениот превоз, но истата е останата како обврска во Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР и
- поради извршени измени во законската регулатива една препорака дадена во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор е неприменлива.

**Во област на ревизија – мерки за подобрување на состојбата со возниот парк во СОЗР** - 1 препорака е спроведена и тоа:

- во перидот 2013 – 2016 година спроведени се продажби на моторни возила по пат на јавно надавање, а набавката на моторни возила е извршена по претходно доставена информација (анализа) со предлог опции за набавка на моторни возила до Владата на РСМ.

**Во област на ревизија – евиденција на моторните возила и изминатите километри** - 1 препорака е спроведена а 1 препорака не е спроведена и тоа:

- во текот на 2018 година спроведена е постапка за Јавна набавка и склучен е Договор за набавка и имплементација на софтвер за управување со возен парк и
- набавката на ГПС уредите не ја постигнала својата цел а тоа е следење на моторните возила во СОЗР, поради тоа што истите не се во функција и не се користат.

**Заклучок**

Статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедуваат основа да изразиме заклучок дека субјектот презел активности и мерки за дел од дадените препораки со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Од страна на одговорното лице на СОЗР не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на следење на препораките.

[1]Упатство број 02-827/1 од 03.02.2015 година.

**Насоки за понатамошно постапување**

Со цел целосна реализација на препораките содржани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор, дадени се насоки за продолжување на активностите за целосна имплементација и тоа:

- дополнување на Одлуката за основање на СОЗР, со која ќе се предвиди изготвување и донесување на годишен извештај за работата на СОЗР;
- усогласување на законската и подзаконската регулатива;
- изработување на стручни анализи за искористеноста на моторните возила;
- подобрување на кадровската екипираност на одделението за превоз и одржување со моторни возила;
- следење на користењето на службените моторни возила преку софтверот за управување со возниот парк;
- воведување на пракса на доставување месечни извештаи до корисниците на услугите за превоз со моторни возила;
- навремено отпочнување на целокупните активности за склучување на договори за превоз со моторни возила;
- имплементација на набавениот софтвер за управување со возен парк и
- анализа за потребата, имлементацијата и ефектот кој што би се постигнал со набавката на определена опрема, со цел ефикасно користење на буџетските средства.

## 1. Вовед

Согласно стандардите на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ISSAI), спроведувањето на препораките дадени во ревизорските извештаи се последна фаза во процесот на ревизијата на успешност.

Следењето на препораките е елемент на одговорноста како на ВРИ така и на носителите на јавни функции во доброто управување со јавните средства и помага во поттикнување на нивната ефективна имплементација.

1.1. Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно член 19 и член 23 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2019 година.

1.2. Овој извештај ги презентира резултатите од ревизијата на следење на препораките дадени во конечниот извештај број 10-314/5 од 29.03.2013 година на тема „Ефикасност на извршените услуги на службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк“.

Во делот 4 - Резултати од ревизијата на следење на препораките од овој извештај даден е детален преглед на резултатите од извршената ревизија на следење на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за спроведување на дадените препораки по конечниот извештај на овластениот државен ревизор за „Ефикасност на извршените услуги на службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк“.

1.4. Спроведувањето на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:
- д-р Васе Донев, директор на СОЗР до 06.06.2017 година.
- Пеце Мирчески, директор на СОЗР од 06.06.2017 година.

Одговорност на ревизорот е да изврши ревизија на степенот до кој препораките дадени во конечните ревизорски извештаи се спроведени и да донесе заклучок врз база на прибраните докази.

## 2. Цел на ревизијата

Цел на оваа ревизија е да се оцени степенот до кој препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор се спроведени, како и оцена на соодветноста на преземените мерки по однос на дадените препораки.

## 3. Опфат и методологија

Ревизијата на следење на препораките е извршена согласно ревизорските стандарди на Меѓународната организација на врховните ревизорски институции (ISSAI) и согласно мандатот на државната ревизија во Република Северна Македонија кој опфаќа и давање оцена за преземените мерки од страна на субјектите предмет на ревизија, во врска со утврдените состојби и дадените препораки содржани во конечниот ревизорски извештај.

Оваа ревизија беше спроведена кај Службата за општи и заеднички работи на Владата на Северна Република Македонија со цел согледување на преземените мерки по дадените препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 10-314/5 од 29.03.2013 година.

Изборот на вршење ревизија на следење на препораките кај оваа ревизија беше направен врз основа на согледување на потребниот временски период за имплементација на препораките од објавување на извештајот и дали сеуште препораките се релевантни.

Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон оценка на преземените мерки за утрвдување на статусот на имплементација на препораките извршивме: испитување на поткрепувачка документација, анализи и пресметки, снимање на фактичката состојба, интервјуа, разговори, споредување на состојбите со поставените критериуми, креирање на табели и други постапки кои имаат за цел да ги откријат причините за евентуалните разлики меѓу поставените критериуми и реалната состојба и компаративни анализи.

Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за оцена на степенот и соодветноста на преземените активностите и мерки за спроведување на препораките по наодите презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор број 10-314/5 од 29.03.2013 година на тема „Ефикасност на извршените услуги на службата за општи и заеднички работи преку искористување на возниот парк“.

Ревизијата е спроведена во период од 13.05.2019 до 30.07.2019 година од ревизорскиот тим на Државниот завод за ревизија.

## 4. Резултати од ревизијата на следење на препораките

Резултатите од ревизијата беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РСМ, кој се одржа на ден 10.10.2019 година.

Од страна на одговорното лице на СОЗР не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на следење на препораките.

Со ревизијата на следење на препораките ги утврдивме следните резултати:

### 4.1. Препорака во врска со наод 1.1. од област на ревизија - законска регулатива:

Одговорното лице во СОЗР да преземе активности за изготвување и донесување на годишна програма/план за работа, со дефинирани активности, рокови за нивно извршување, одговорни лица за имплементација, со индикатори како показатели за степенот на реализацијата, потребни средства и извори на средства, како и изготвување и донесување на годишен извештај за работата на СОЗР.

**Препораката е спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека СОЗР не изработува годишна програма/ план за работа како и годишен извештај за работата на СОЗР, од извршениот увид во целокупната документација, ревизијата утврди дека СОЗР ги има изработено и донесено следните документи:

- Стратешки план за СОЗР за периодот 2018 - 2020 година и Стратешки план на СОЗР за периодот 2019 - 2021 година. Со стратешкиот план се дефинирани мисијата и визијата на СОЗР, приоритети и цели за реализација во насока на подобрување на ефикасноста и ефективноста во спроведување на активностите, евалуација на задачите, како и транспарентност во работењето;
- Годишна програма за работа СОЗР за 2018 година и Годишна програма за работа на СОЗР за 2019 година. Во годишните програми за работа на СОЗР се дефинирани активностите кои треба да се реализираат, периодот на извршување, носителот за спроведување на имплементација, потребните финансиски средства за реализација и што ќе се постигне со нивната реализација;
- Изработката на Годишен извештај за работата на СОЗР, иако не е предвидена со Одлуката за основање на СОЗР и Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, ќе овозможи детално и целосно информирање на Владата на РСМ за состојбата со реализацијата на предвидените активности од страна на СОЗР, можните проблеми, предлози и решенија за нивно надминување.

Донесувањето на стратешки план за работа и годишната програма за работа на СОЗР, со дефинирани активности, рокови за нивно извршување, одговорни лица за имплементација, со индикатори како показатели за степенот на реализацијата, потребни средства и извори на средства, придонесува за следење на динамиката на реализација на целите на СОЗР, како и ја зголемува транспарентноста во работењето.

**Насоки за идни активности**

Одговорното лице на СОЗР во соработка со надлежниот орган да иницира активности за дополнување на Одлуката за основање на СОЗР, со која ќе се предвиди изготвување и донесување на годишен извештај за работата на СОЗР, со што ќе се овозможи детално и целосно информирање на Владата на РСМ за реализацијата на предвидените активности на СОЗР.

**4.2. Препорака во врска со наод 1.2. 1.3. 1.4 и 3.3. од област на ревизија - законска регулатива:**

Одговорното лице во СОЗР да продолжи со отпочнатите активности за усогласување на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, Упатството за определување на начинот на извршувањето на услугите за превоз и Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од СОЗР.

**Препораката е делумно спроведена:**

Во насока на регулирање на утврдените состојби, утврдивме дека се преземени следните активности:

- во однос на делот за усогласување на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР[2] со Упатството за определување на начинот на извршувањето на услугите за превоз[3], утврдивме дека во 2015 година од страна на одговорното лице во СОЗР е донесено ново Упатство за начинот и условите на користење на услугите со превоз со моторни возила[4],
  Со донесеното Упатство е извршено усогласување на одредбите со измените на Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, односно во Упатството се утврдени корисниците за кого се вршат услугите за превоз со моторни возила како и начинот на вршењето на услуги за превоз на Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи.

[2]„Службен весник на РСМ" бр.22/00, 75/02, 86/02, 09/03, 24/04, 12/07, 05/08, 67/10, 21/11, 95/13, 167/18
[3]Упатство бр. 08 -1415/4 од 30.10.2008 год.
[4]Упатство бр. 02-827/1 од 03.02.2015 год.

Во мај 2018 година донесен е Правилник за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР[5] и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот[6] со кои подетално се уредува начинот и постапката за користење на службени моторни возила.

Со Правилникот се уредува одговорноста при извршувањето на работни задачи со користење на службените моторни возила, начин и постапка за управување со моторните возила, издавањето и задолжително користење на патен налог, евиденција на поминати километри и трошоци за гориво, како прилог кои треба да се пополнуваат во текот на работниот процес.

Утврдивме дека со влегување во сила на Правилникот, истите од месец мај 2018 почнуваат да се применуваат и пополнуваат од страна на возачите на службени моторни возила.

– Со извршениот увид во измените и дополнувањата на Одлуката за основање на СОЗР[7], утврдивме дека во 2013 година со донесување на Одлуката за изменување на одлуката за основање на СОЗР[8], Собранието на РСМ се вклучува како институција за која СОЗР извршува услуги.

Во однос на делот од препораката кој се однесува на усогласување на Уредбата согласно која во член 25 и 26 утврдено е право на постојано користење и право на користење на моторно возило за извршување на службени работи на функционерите што ги избира, именува и назначува Собранието на РСМ, пратениците во Собранието на РСМ и Претседателите на работните тела на Собранието на РСМ, истакнуваме дека истите сеуште не се опфатени во Одлуката за основање на СОЗР, односно истите не се додадени во Списокот на министерствата и органите во состав, секретаријати и други стручни служби на Владата на РСМ, самостојни органи на државната управа, управни организации, правосудните органи и други државни органи.

Ваквата состојба придонесува извршувањето на услугите за потребите на Собранието на РСМ и понатаму да се вршат без усогласена законска регулатива.

СОЗР има склучено Договор за вршење на општи работи и услуги за 2017 година[9] со Собранието на РСМ, во кои е предвидена услуга за превоз со моторно возило и возач за службени потреби без надоместок за потребите на Претседателот на Собранието на РСМ и потпретседателите на Собранието на РСМ.

---

[5] Правилник бр. 01-3181/1 од 07.05.2018 год.
[6] Измена на Правилник бр. 01-2101/1 од 18.03.2019 год.
[7] „Службен весник на РМ" бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 34/14
[8] „Службен весник на РМ" бр.15/13
[9] Договор бр.08-51/2 од 20.01.2017 год.

Во декември 2017 година склучен е Договор за вршење на општи работи и услуги за 2018 година[10] со Собранието на РСМ, во кој за претседателот, потпретседателите на Собранието и генералниот секретар на Собранието е предвидена услуга за превоз со моторно возило и возач за службени потреби без надоместок, а за потребите на Собранието на РСМ е предвиден превоз со моторни возила за службени потреби со надоместок.

– Со извршениот увид во законската регулатива, утврдивме дека е извршено усогласување на Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, со Одлуката за основање на СОЗР.
  Со измените на Уредбата во 2013 година, е предвидено СОЗР да не извршува услуги за превоз со моторни возила за МО и МВР, освен при учество на протоколарни потреби и превоз на странски делегации кои престојуваат во РСМ во официјална и работна посета, или како учесници на меѓународни конференции кога домаќин е РСМ.
  Ревизијата изврши увид и анализа во склучените договори со надоместок и договори без надоместок за 2017 и 2018 година, при што утврдивме дека СОЗР има склучено Договор со МО[11] и МВР[12] за 2017 и 2018 година за вршење на општи и заеднички работи и услуги, во кој се предвидува давање на услуга од страна на СОЗР за превоз за протоколарни потреби и странски делегации кои престојуваат во РСМ како и учесници на меѓународни конференции кога домаќин е РСМ.
– Со донесеното Упатство за начинот и условите на користење на услугите со превоз со моторни возила во 2015 година надоместокот на извршувањето на услугите за превоз со моторни возила е определен согласно Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од СОЗР од 2008 година.
  Со ценовникот сеуште не е прецизирано во кои случаи ќе се фактурира 30% од највисоката продажна цена на горивото за секој изминат километар или 6.200 денари за автоден.

Со извршениот увид во доставената документација и фактурите од 2017 и 2018 година, утврдивме дека СОЗР фактурира само согласно критериумот 30% од највисоката продажна цена на горивото за секој изминат километар на корисниците на услугата, додека критериумот износ од 6.200 денари за автоден не се применува.

Од одговорните лица беше образложено дека овој критериум се применува заради попрецизно фактурирање односно наплата на извршените услуги, од причина што

[10]Договор бр. 08-5621/1 од 19.12.2017 год.
[11]Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги број 08-38/5 од 17.02.2017 и Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги 08-745/1 од 01.02.2018 година.
[12]Договор за вршење на општи и заеднички работи и услуги број 08-5621/1 од 19.12.2017 година.

бројот на изминати километри во текот на еден ден значително се разликува од корисник до корисник

**Насоки за идни активности:**

Во насока на надминување на преостанатите утврдените состојби, одговорното лице во соработка со надлежните органи потребно е да иницира мерки и активности за:

- за усогласување на Одлуката за основање на СОЗР во делот на списокот на државни органи, кои имаат право на постојано користење и право на користење на моторно возило за извршување на службени работи со Уредбата за начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР и
- допрецизирање на Ценовникот за висината на надоместокот на работите и услугите од СОЗР, во делот на примена на критериумите за наплата на услугите при вршење на превоз со моторни возила за службени работи.

**4.3. Препорака во врска со наод 2.1. од област на ревизија – организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР:**

Одговорното лице во СОЗР да иницира активности за изработување на стручни анализи за искористеноста на возилата, трошоците/приходите за реализација на целокупните услуги за превоз, односно за управување со возниот парк на СОЗР, за утврдување на насоки, дефинирање на приоритети, споредбени анализи на планираните со реализираните активности и систематизирано и целосно управување со приоритетите за развој на услугите за превоз.

**Препораката е делумно спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека согласно Правилникот за систематизација на работните места во СОЗР предвидено е одделението за превоз со моторни возила да изготвува месечни и годишни извештаи, стручни анализи за користење на моторните возила како и план за работа.
Од извршениот увид во документацијата ревизијата утврди дека од страна на СОЗР во текот на 2018 година одделението за превоз и одржување на моторни возила ги има изработено следните документи:

- извештај за спроведување на дадено овластување заклучно со 31.12.2018 година, за преземени активности и дејствија за 2018 година;
- информација за периодот 01.06.2017 до 11.03.2019 година за направени трошоци за сервисирање на блиндирани патнички моторни возила сопственост на СОЗР. Одделението за превоз и одржување на моторни возила преку софтверското решение има доставувано прилог податоци за направените трошоци за сервисирање на блиндирани патнички моторни возила како и преглед на трошоци за секое возило одделно;

- секторот за финансиски прашања има доставено документација за остварени средства до одделението за превоз и одржување на моторни возила за 2017 и 2018 година;
- одделението за превоз и одржување на моторни возила има изработено план за работа за 2018 година;
- донесени се годишни програми за извршување на работите за 2017 и 2018 година[13] каде се образложени приоритетните цели на одделението, и се поделени по подрачја со дефинирани цели, активности и период на примена.

Ревизијата укажува дека со целосната имплементација и функционалност на ново набавениот софтвер за управување со возен парк, се очекува да се добиваат различни податоци за искористеноста на моторните возила кои понатаму ќе можат да се користат за изработка на стручни анализи за искористеноста на возилата, трошоците за реализацијата на целокупните услуги за превоз, односно за управување со возниот парк на СОЗР.

**Насоки за идни активности**

Да продолжат активностите за целосната имплементација и функционалност на ново набавениот софтвер за управување со возен парк, со кој ќе се создадат услови за добивање целосни податоци, информации и анализи за искористеноста на возилата, трошоците/приходите за реализација на целокупните услуги за превоз со моторни возила, со цел зголемување на ефикасноста во управување со приоритетите за развој на услугите за превоз со моторни возила во СОЗР.

**4.4. Препорака во врска со наод 2.2. и 2.3. од област на ревизија – организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР:**

Во насока на подобрување на тековната состојба со кадровската екипираност, како еден од условите за непречено функционирање на СОЗР, препорачуваме одговорното лице во СОЗР во соработка со надлежните институции да преземат активности за подобрување на истата, со цел зголемување на контролата, координацијата и одговорноста во извршувањето на услугите за превоз.

**Препораката е спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека кадровската екипираност на СОЗР во делот на одделение за превоз со моторни возила и одделение за одржување на моторни возила не е согласно проекциите во Правилникот[14] за систематизација на

[13]Програма број 3757/2 од 19.12.2016 година.
[14]Извор на податоци:Правилник број 01-207/5 од 25.01.2011 година

работните места на СОЗР, како и дека дел од работните места не се пополнети, ревизијата ја утврди следната состојба:

- кадровската екипираност на СОЗР во делот на одделение за превоз и одржување на моторни возила не е согласно проекциите во Правилникот за систематизација на работните места на СОЗР;
- во одделението за превоз и одржување на моторни возила во 2018 година предвидени се 86, а реално пополнети се 68 работни места или 79%;
- работното место раководител на Сектор за поддршка на директорот и за извршување нормативно правни, стручно административни и архивски работи, печатење возен парк и ИТ се извршува од страна на лице вработено со договор за отстапување на работници за вршење на привремени работи од декември 2017 година;
- работното место раководител на одделението за превоз и одржување на моторни возила е пополнето со лице вработено во СОЗР.

Во насока на подобрување на кадровската екипираност за вршење на работи поврзано со услуги за превоз со моторни возила, во периодот 2017 - 2018 година, доставени се барања за нови вработување, по кои за дел добиени се одговори од Министерство за финансии.

Од извршениот увид во документацијата на СОЗР во делот за користењето на моторните возила со кои располага СОЗР, ревизијата утврди дека во текот на 2018 година на постојано користење доделени се 49 патнички моторни возила од кои:

- со 29 возила управуваат возачи вработи во СОЗР;
- со 12 управуваат возачи вработени во МВР и
- со 8 управуваат самите корисници на кои им се доделени возилата.

Преземени се мерки во текот на 2017 година од страна на СОЗР и доставени се дописи до корисниците на службени моторни возила, кои не се управуваат од страна на возачи вработени во СОЗР, дека согласно Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР со моторните возила, може да управуваат само возачи вработени во СОЗР и ги известуваат дека во најкраток можен рок потребно е возилата кои се доделени од страна на СОЗР, да се задолжат и со нив да управуваат возачи вработени во СОЗР.

Исто така укажуваме дека при примопредавањето на моторните возила од страна на СОЗР на лицата кои не се вработени во СОЗР, а истите управуваат со моторните возила, превземени се активности односно се изготвува документ Полномошно[15] за користење и управување на моторно возило на територијата на РСМ во кој се детално регулирани условите под кои и како може да се користи моторното возило, како и одговорностите на лицето кое го користи патничкото моторно возило.

[15] Полномошно број 03-112/2 од 04.01.2019 година.

**4.5. Препорака во врска со наод 2.6. и 2.7. од област на ревизија – организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР:**

Одговорното лице во СОЗР да преземе мерки и иницира активности за изработка и донесување на пишани процедури за начинот на раздолжување односно отчитување на потрошеното гориво со изминатите километри. Со донесување на ваков документ би се утврдила потрошувачката на гориво за секое возило одделно, која би се признавала како потрошувачка во однос на изминатите километри.

**Препораката е спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека СОЗР нема донесено акт/методологија/ критериуми со кој би се утврдила потрошувачката по вид/класа на возила, од извршениот увид ревизијата утврди дека СОЗР во 2018 година има донесено:

- Правилник[16] за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР на Владата на РСМ;
- Правилник[17] за изменување и дополнување на правилникот за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР на Владата на РСМ.

Во член 18 од Правилникот за начинот и постапката за користење на службени моторни возила во СОЗР во делот Евиденција на трошоци за гориво предвидено е:

- возачите или лицата кои задолжиле безготовинска картичка за гориво при полнење на гориво на бензинската пумпа задолжително пријавуваат регистарска таблица на моторното возила и километража на возилото при точење гориво:
- издадената сметка со компјутерски внесените податоци возачот е должен да ја потпише со целосно име и презиме и краток потпис и во рок од 5 дена од денот на точење на гориво да ја достави до одговорното лице;
- одговорното лице има обврска да ги приложи сите сметки со фактурата за точено гориво според дата, регистрација, количина на гориво кои треба да се совпаѓаат како со приложената сметка така и со фактурата.

Во текот на 2014 година со Решение[18] формирана е комисија за утврдување на потрошувачката на гориво поединечно по возило и по полнење со цел спроведување на целосна и детална анализа на потрошувачката на гориво на службените возила при нивното секојдневно користење.

Изработен е Извештај[19] од комисијата за утврдување на потрошувачката на гориво поединечно по возило и полнење на вкупно 144 возила во сопственост на СОЗР, кои

[16]Правилник број 01-3181/1 од 07.05.2018 година.
[17]Правилник број 01-2101/1 од 18.03.2019 година.
[18]Решение број 02-113/1 од 08.01.2014 година.
[19]Извештај број 02-113/2 од 27.01.2014 година.

ги селектирала возилата по групи според слични карактеристики, при што ја утврдила следната состојба:

- уредно пријавување километража и уредно полнење на гориво, според кои од вкупно 79 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 7 до 17 литри на 100 километри;
- редовно пријавување на километража во бројка што завршува на нула и добиени се уредни просеци, според кои од вкупно 12 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 7 до 12 литри на 100 километри;
- неуредно пријавена километража, неуредно полнење и просечна потрошувачка, според кои од вкупно 12 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 8 до 20 литри на 100 километри;
- големи разлики во потрошувачката, според кои од вкупно 4 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 8 до 21 литри на 100 километри;
- возила кои ги користат други органи, според кои од вкупно 21 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 6 до 24 литри на 100 километри;
- возила дадени на користење на други органи, според кои од вкупно 11 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 9 до 16 литри на 100 километри;
- возила во дефект, според кои од вкупно 5 моторни возила просечната потрошувачка на гориво е во интервал од 7 до 17 литри на 100 километри;

Ваквата состојба укажува на намалување на потрошувачката на гориво на моторните возила со кои располага СОЗР, во однос на периодот пред 2014 година.

Извршените контроли од страна на СОЗР, како и донесувањето и примената на Правилникот за начинот и постапката за користење на службените моторни возила во СОЗР, придонесува за поголема контрола во трошењето на горивото за моторните возила со кои располага СОЗР.

Во текот на 2016, 2017 и 2018 година, одделението за превоз и одржување на возила води евиденција на потрошеното гориво по возила во excel прегледи во кои се води евиденција поединечно по возило, изминати километри, количина на гориво, време и час на полнење, место, како и годишна просечна потрошувачка на гориво за секое возило со кое располага СОЗР.

Од извршената анализа на просечната потрошувачката на гориво на 147 моторни возила за 2018 година, ревизијата ја утврди следната состојба:

- просечната потрошувачка се движи во интервалот од 5,73 литри до 19,10 литри, додека само за 4 возила просечната потрошувачката е над 20 литри на 100 километри или за 132 моторни возила потрошувачката се движи во

интервал од 5,73 литри до 14,89 литри, додека само 15 возила имаат потрошувачка над 15 литри на 100 километри;
- просечната потрошувачка на сите 147 возила за 2018 година изнесува 9,50 литри на 100 километри.

Анализата укажува на продолжување на трендот на намалување на просечната потрошувачка за возилата со кои располага и управува СОЗР и во 2018 година. Исто така со целосна имплементација на софтверот за управување со возен парк, се очекува СОЗР да располага со навремени и целосни податоци за трошоците поврзани со поторшувачката на гориво на моторните возила со кои располага.

**4.6. Препорака во врска со наод 2.8. и 2.9. од област на ревизија – организација, кадровска екипираност, опременост и финансирање на СОЗР:**

Одговорното лице во СОЗР во соработка со корисниците на услуги за превоз да продолжат со активностите за наплата на побарувањата, врз основа на утврдена старосна структура на побарувањата за услугите, како и да преземе мерки и активности за редовно и навремено плаќање на фактурите за извршени услуги, заради зголемување на ликвидноста на СОЗР, што пак има влијание врз обемот на услугите.

**Препораката е спроведена**

Со извршениот увид во евидентираните побарувања по основ на извршени, но ненаплатени услуги за превоз со моторни возила, утврдивме дека заклучно со 31.12.2018 година, СОЗР има извршено услуги за превоз со моторни возила на корисниците на услугите во вкупен износ од 1.118 илјади денари.

Од вкупните побарувања, извршена е наплата во износ од 911 илјади денари, што претставува 81,48% од вкупните побарувања, односно СОЗР заклучно со 31.12.2018 година има евидентирано побарувања по основ на извршени, но ненаплатени услуги за превоз со моторни возила во вкупен износ од 251 илјада денари.

Согласно доставената документација заклучно со 05.07.2019 година констатиравме намалување на долгот во 2019 година и истиот изнесува 196 илјади денари.

Започнувајќи од 2018 година во СОЗР е воспоставена пракса на доставување на Известувања за неплатен долг до корисниците на услугите, со кои се бара плаќање на заостанатите долгови за извршени услуги за превоз.

Ваквата состојба укажува дека се преземени активности за надминување на утврдената состојба за ненавремено и неуредно плаќање од страна на корисниците, односно дека се преземени мерки и активности за редовно и навремено плаќање на фактурите за извршени услуги, што има за ефект

зголемување на ликвидноста на СОЗР и влијание врз ефикасноста на извршување на услугите за превоз со моторни возила.

**4.7. Препорака во врска со наод 3.1. од област на ревизија – постапка за давање на услуги за превоз со моторни возила:**

Во насока на ефикасно функционирањето на СОЗР од особена важност е да се создаде континуирана и непосредна соработка со корисниците на услуги за превоз, во делот на навремено пријавување на потребата од услуги, односно навремено доставување на барањата за превоз со моторни возила, што ќе придонесе за навремено планирање на услугите за превоз и нивна непречена реализација како и ефикасно искористување на возниот парк.

Во таа насока потребно е надлежните лица од СОЗР да доставуваат месечни извештаи за услугите за превоз до корисниците како и збирен извештај до генералниот секретар на Владата на РСМ, со цел зголемување на транспарентноста за реализираните активности.

**Препораката е неприменлива:**

Во однос на утврдената состојба дека СОЗР не доставува месечни извештаи до корисниците на услугите за превоз со моторни возила и збирен извештај до Генералниот секретар на Владата на РСМ, ревизијата утврди дека во текот на 2013 година извршена е измена на Уредбата[20] за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР односно наведената обврска е избришана.

Поради извршени измени во законската регулатива препораката дадена во конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност „Ефикасност на извршените услуги на СОЗР на Владата на РСМ, преку искористување на возниот парк“ е неприменлива.

Со бришењето на обврската за доставување на месечни извештаи до корисниците на услугите за превоз со моторни возила и збирен извештај до Генералниот секретар на Владата на РСМ, не се обезбедува транспарентноста во извршување на услугите за превоз со моторни возила.

Истакнуваме дека од извршениот увид во софтверот за управување со возен парк, ревизијата утврди дека постои можност да се добиваат месечни извештаи по корисници, како и можност за добивање на збирен извештај за извршените услуги со превоз со моторни возила од страна на СОЗР.

**4.8. Препорака во врска со наод 3.4. и 3.5. од област на ревизија – постапка за давање на услуги за превоз со моторни возила:**

[20]Измена на Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР „Службен Весник на РМ“ број 95 од 04.07.2013 година.

Одговорното лице во СОЗР во соработка со корисниците на услуги за превоз, да преземат мерки за навремено отпочнување на целокупните активности за склучување на договори со што ќе се подобри процесот на планирање на потребните финансиски средства за реализација на наведените услуги, како и дефинирање на обемот на услугите.

**Препораката е делумно спроведена**

Со извршениот увид во склучените договори за вршење на општи работи и услуги со и без надоместок за 2017 и 2018 година, утврдивме дека во истите се уредени видот, обемот, квалитетот, висината на надоместокот, рокот и начинот за извршување на услугите, како и други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите. Иако во законската регулатива е предвидено договорите за вршење на општи работи и услуги да бидат склучени најдоцна до 30.06 во тековната година за наредната фискална година, СОЗР со корисниците на услугите договорите за вршење на општи работи и услуги сеуште ги склучуваат со задоцнување од шест месеци.

Ваквата состојба влијае врз можноста СОЗР точно, навремено и целосно да го планира обемот на потребите за извршување на услугите, реално да ги планира потребните финансиски средства за нивна реализација, очекуваните приходи за услугите за кои врши наплата, како и врз други прашања од значење за навремено и квалитетно извршување на услугите.

Во однос на утврдената состојба дека корисниците на услугите за превоз со моторни возила не ги пријавуваат до СОЗР работите и услугите од кои ќе имаат потреба 15 дена пред рокот за извршување на истите, со цел дефинирање на количините, видот и динамиката на извршување, со извршениот увид во склучените договори со и без надомест за 2017 и 2018 година, ревизијата ја утврди следната состојба:

- во склучените договори за вршење општи и заеднички работи и услуги со надоместок за 2017 година, е предвидено корисниците да достават писмено барање во рок од најмногу 15 дена до СОЗР за извршување на услугата за превоз со моторни возила, додека во склучените договори без надоместок за 2017 година, не е предвиден временски рок за доставување на барањето за бараната услуга за превоз со моторни возила;
- во склучените договори за вршење општи и заеднички работи и услуги со и без надоместок за 2018 година, одредбата за доставување на писмено барање на корисниците на услугите за превоз со моторни возила до СОЗР важи за сите корисници на работи и услуги без разлика дали имаат склучено договор со и без надоместок .

  Корисниците имаат обврска да ги пријавуваат до СОЗР работите и услугите (во кои спаѓаат и превозот со моторни возила) во рок од 3 дена пред рокот за

извршување на истите. Во текот на 2018 година корисниците на услугите за превоз со моторни возила, работите и услугите ги пријавуваат до СОЗР во рамки на временски предвидениот рок.
Ваквиот начин овозможува СОЗР навремено да ги планира количините, видот и динамиката на извршување на услугите за превоз со моторни возила.

**Насоки за идни активности**

Одговорното лице во СОЗР во соработка со корисниците на услуги за превоз, да продолжи со активностите за навремено отпочнување и склучување на договорите за вршење работи и услуги, што ќе придонесе за подобрување на процесот на планирање на потребните финансиски средства за реализација на истите.

**4.9. Препорака во врска со наод 3.7. од област на ревизија – постапка за давање на услуги за превоз со моторни возила:**

Да се отпочнат активности за изработка и донесување на нов образец Барање, кој ќе биде структуриран на начин кој ќе нуди податоци за прифаќање или одбивање и одобрување на услугата од страна на СОЗР. Во таа насока потребно е барањата да се заверуваат архивски и хронолошки, со што ќе се придонесе за континуирано следење и контрола на истите.

**Препораката е спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека согласно член 24-а од Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР, потребите за користење на моторни возила се најавуваат по писмен пат со барање, кое задолжително ги одобрува директорот на СОЗР, дека корисниците на услугите за превоз немаат воспоставено пракса, потребата да ја најавуваат исклучиво на пропишаниот образец - Барање, дел од барањата за превоз не се архивски заверени, за одобрените барања не постои доказ/потпис за одобрувањето, СОЗР писмено не го известува корисникот на услугата, дали неговото барање е одобрено и дека дел од барањата се доставени истиот ден кога СОЗР треба да го изврши превозот.

Со извршениот увид во документацијата која се однесува на доставените барања за 2017 и 2018 година ревизијата ја утврди следната состојба:

- Владата на РСМ – Кабинет на премиер на РСМ, како корисник на услугите за превоз потребата ја најавува исклучиво на пропишаниот образец - Барање[21], кој содржи информации за лицата за кои е потребно да се изврши превозот релацијата, периодот и времето на извршување на превозот, како и потпис на функционерот кој раководи со органот или лице кој тој ќе го овласти;

[21]Барање број 12-3831/1 од 31.05.2018 година и број 12-3913/1 од 04.06.2018 година.

- останатите корисници на услугите барањата ги доставуваат на нивни меморандуми, кои се уредно архивски заверени, потпишани како и ги содржат сите потребни информации за лицата за кои е потребно да се изврши превозот релацијата, периодот и времето на извршување на превозот, како и потпис на функционерот кој раководи со органот или лице кој тој ќе го овласти;
- примените барања се одобрени од страна на Директорот на СОЗР, согласно Упатството за начинот и условите на користење на услугите за превоз со моторни возила[22] и
- СОЗР писмено го известува корисникот на услугата, дали неговото барање е одобрено, со известување[23] кое го доставува до барателот на услугата за превоз со моторни возила;

Ваквата состојба укажува дека во некои случаи се користи пропишаниот Образец, во некои случаи се користи пропишаниот Образец и дополнително Барање на меморандум изработен од страна на корисниците на услугите кои ги користат за тековна комуникација помеѓу институциите во РСМ, кои архивски се заверуваат од страна на СОЗР, додека во определени случаи се користи само образец Барање кое е доставено на пропишаниот образец најчесто од страна на корисниците на услугите од Владата на РСМ.

**4.10. Препорака во врска со наод 3.8. од област на ревизија – постапка за давање на услуги за превоз со моторни возила:**

Надлежните лица на СОЗР, задолжени за евидентирање на  услуги за превоз да преземат активности и да ги задолжат корисниците на услугите за превоз редовно и ажурно да пополнуваат и доставуваат податоци и обрасци за изминатите километри и потрошеното гориво, со цел водење на евиденција од страна на СОЗР. Ваквата состојба ќе придонесе за целосна и навремена евиденција на извршените услуги за превоз.

**Препораката е делумно спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека корисниците на услугите за превоз согласно Упатството за определување на начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила од 2008 година, потребно е по завршувањето на превозот, задолжително со цело име и презиме, на возачот во налогот за превоз, да му потврдат дека превозот е извршен, со назначување на изминатата километража и времето на започнување и времето на завршување на службеното патување, констатиравме дека СОЗР има преземено активности за надминување на оваа состојба.

[22]Упатство број 02-827/1 од 03.02.2015 година
[23]Известување број 12-4241/2 од 13.06.2019 и број 12-4265/2 од 17.06.2019 година.

Во 2015 година донесено е ново Упатство[24] за определување на начинот на извршување на услугите за превоз со моторни возила, во кое е избришана одредбата/обврската на корисниците на моторни возила за потврдување на податоците за извршениот превоз, но истата е останата како обврска во Уредбата за условите и начинот на користење на услугите што ги врши СОЗР.

Во Правилникот за начинот и постапката за користење на службени моторни возила на СОЗР на Владата на РСМ во 2018 година, се содржани обрасци, кои треба да се пополнуваат во текот на работниот процес, меѓу кои и обрасците Патен налог за службено патување во земјата и Патен налог за службено патување во странство, како и детално се образложени начинот и постапката за издавање и задолжително користење на патниот налог.

Со извршениот увид во Патните налози за службено патување во земјата од 2018 и 2019 година, утврдивме дека истите се уредно пополнети со податоци за изминатата километража, како и времето во кое е извршен превозот од страна на возачите, но без потврдување од страна на корисниците дека налогот за превоз е извршен.
Од одговорните лица добивме образложение дека вака уредениот начин на потврдување на извршените услуги е тешко применливо во пракса, како и фактот дека со погоре утврдениот начин на пополнување на податоците во Патниот налог, постојат целосни информации за користењето на службените моторни возила.

**Насоки за идни актинвости**

Одговорното лице во СОЗР во соработка со надлежниот орган да иницира активности за доуредување на Уредбата за условите и начинот на користење на услугите, во делот на потврдување на извршената услуга од страна на корисниците за превоз со моторни возила.

**4.11. Препорака во врска со наод 4.1. и 4.3. од област на ревизија – мерки за подобрување на состојбата со возниот парк во СОЗР:**

Во насока на подобрување на опременоста на СОЗР со моторни возила од кои зависи ефикасното извршување на услугите за превоз, потребно е СОЗР во соработка со Владата на РСМ да ги продолжи активностите за продажба на моторните возила кои се стари или не се во функција или ќе процени дека одржувањето е економски неисплатливо, а набавката на нови возила да се врши со спроведување на анализи за целокупната постапка.

[24]Упатство број 02-827/1 од 03.02.2015 година.

**Препораката е спроведена:**

Со извршениот увид во објавените огласи во периодот 2013 – 2016 година од објавувањето на конечниот извештај до денот на спроведување на препораките, утврдивме дека од страна на одговорните лица во СОЗР спроведени се 4 продажби по пат на јавно надавање, со кои се продадени 270 моторни возила и тоа во:

- 2013 година продадени се 112 возила;
- 2014 година продадени се 63 моторни возила;
- 2015 година продадени се 17 возила;
- 2016 година продадени се 78 моторни возила.

Со цел продолжување на активностите за продажба на движни ствари моторни возила, во 2019 година до Бирото за судски вештачења доставено е Барање за процена на стари возила[25] во кое се бара процена на 36 стари моторни возила.

Со извршениот увид во воспоставената евиденција на возила кои се вон употреба, сопственост на СОЗР, заклучно со 2019 година, ревизијата ја утврди следната состојба:

- СОЗР располага со 91 возило, (од кои 36 се дадени на процена со цел нивна продажба) и
- со Одлука на Владата на РСМ се вратени/доделени од институции на кои претходно им биле доделени 37 возила на СОЗР, но истите физички не се предадени на располагање на СОЗР.

Од извршениот увид во документацијата за набавка на моторни возила по пат на оперативен лизинг ревизијата ја утврди следната состојба:

во текот на 2015 година СОЗР доставила информација со предлог опции за набавка на моторни возила до Владата на РСМ, во кои СОЗР ги објаснува начините за набавка со оперативен или финансиски лизинг, со цел да се процени и предложи најекономичната варијанта на набавка на возила, и информација со споредбен преглед на цените на чинење на едно возило со финансиски лизинг и оперативен лизинг;
Владата на РСМ на седница[26] ја задолжила СОЗР за започне постапка за повеќегодишна јавна набавка на 40 моторни возила по пат на оперативен лизинг (деловен закуп) во времетраење од 36 месеци;

- во текот на 2015 година спроведена е постапка за доделување на договор за набавка на моторни возила по пат на оперативен лизинг и склучен е договор за изнајмување на 40 патнички моторни возила во износ од 98.983 илјади денари, со времетраење од 36 месеци. Во цената е вклучена наемнината за возилото и сите други трошоци - каско осигурување,

[25]Барање бр. 08-2316/1 од 26.03.2019 год.
[26]Извадок од Нацрт записникот на 68 седница на Владата на РСМ одржана на 22.04.2015 година.

автоодговорност, трошоци за регистрација, пробни таблици, сервисирање, промена на зимски и летни пневматици со складирање, трошоци за обработка на документацијата за лизингот, технички преглед на возилата, пренос на дефектно возило до овластен сервис и зелен картон за целиот период на оперативниот лизинг;

– Во текот на 2018 година повторно е доставена информација со предлог опции за набавка на моторни возила до Владата на РСМ, во кои СОЗР ги објаснува начините за набавка со оперативен или финансиски лизинг со цел да се избере најекономичната понуда.

  Во информацијата СОЗР образложува дека оперативниот лизинг е наменет за сите субјекти кои со плаќање на месечна рата го избегнуваат плаќањето на дополнителни трошоци поврзани со одржување на возилото како што се трошоци за каско осигурување, автоодговорност, трошоци за регистрација, пробни таблици, сервисирање, промена на зимски и летни пневматици со складирање, трошоци за обработка на документацијата за лизингот, технички преглед на возилата за целиот период на оперативниот лизинг, како и целокупната нега и одговорност на возилата се на давателот на лизингот и само обврската за подмирување на трошоците за гориво се на корисникот на лизингот односно на СОЗР.

  Оперативниот лизинг е исклучиво долгорочна рента (изнајмување) а финансискиот лизинг може да го остваруваат само лиценцирани фирми, и информација со споредбен преглед на цените на чинење на едно возило со финансиски лизинг и оперативен лизинг во кое цената за набавка на моторно патничко возило по пат на финансиски лизинг за 36 месеци изнесува 3.867 илјади денари, со вклучени трошоци за обработка, месечно трошоци за осигурување, одржување и регистрација, додека цената за оперативен лизинг изнесува 2.254 илјади денари, со вклучени трошоци за обработка, каско осигурување, автоодговорност, регистрација, одржување замена на пневматици;

  Владата на РСМ на седница[27] ја задолжила СОЗР за започне постапка за повеќегодишна Јавна набавка на 45 моторни возила по пат на оперативен лизинг (деловен закуп) во времетраење од 36 месеци.

  Во текот на 2018 година спроведена е постапка за доделување на договор за набавка на моторни возила по пат на оперативен лизинг и склучен е договор за јавна набавка на 45 патнички моторни возила по пат на оперативен лизинг во износ од 109.412 илјади денари, со времетраење од 36 месеци. Во цената е вклучена наемнината за возилото и сите други трошоци - каско осигурување, автоодговорност, трошоци за регистрација, пробни таблици, сервисирање, промена на зимски и летни пневматици со складирање, трошоци за обработка на документацијата за лизингот,

[27]Извадок од Нацрт записникот на 64 седница на Владата на РСМ одржана на 17.04.2018 година.

технички преглед, пренос на дефектно возило (од РСМ и надвор од границите на државата) до овластен сервис и зелен картон за возилото и други трошоци за целиот период на оперативниот лизинг.

**4.12. Препорака во врска со наод 5.1. од област на ревизија – евиденција на моторните возила и изминатите километри:**

Со цел унапредувањето на софтверот за евиденција на возила и изминатите километри, потребно е одговорното лице во СОЗР да склучи договор за одржување/надградба или набавка на нов софтвер, со што ќе се овозможи подобрување и унапредување на целокупниот процес на евиденцијата и контролата на услугите за превоз од поднесувањето на Барањето до реализацијата на услугата за превоз во целост.

**Препораката е спроведена:**

Во однос на утврдените состојби за функционирањето на софтверската апликација за водење на евиденција за изминатите километри, возила, корисници и институции дека:

- договорот[28] за одржување на програмски пакет Возила – превоз и одржување, кој вклучува добивање на нови подобрени верзии, прилагодувања и измени на програмскиот пакет, нови барања и отстранување на евентуални решенија предизвикани од промена на законски прописи, не е продолжен од 2008 година ниту е склучен нов договор;
- ниско ниво на заштита при најавување за работа со апликациите при што постои можност да се знаат лозинките од другите корисници;
- податоците од минатите години за изминатите километри не се заклучени и истите може да се променат;
- евиденцијата за состојбата на изминати километри на денот на полнење на гориво добавувачот ја доставува до СОЗР, со цел споредување на податоците од софтверот за евиденција за изминатите километри на СОЗР со евиденцијата на добавувачот;
- постои разлика помеѓу евиденцијата доставена од добавувачот на гориво за изминати километри и евиденцијата која ја нуди софтверот на СОЗР во делот на збирните извештаи, од причина што софтверот на СОЗР ги дуплира евидентираните изминати километри по возило (во делот на корисникот за кого се врши услугата за превоз и во делот на корисник СОЗР – Сектор за моторни возила).

Ревизијата ја утврди следната состојба:

[28]Договор број 07-2870/2 од 30.04.2008 година

Во текот на 2018 година спроведена е постапка за Јавна набавка и склучен е Договор[29] за набавка и имплементација на Софтвер за управување со возен парк.
Изработено е Упатство[30] за употреба на софтверско решение од страна на изработувачот на Софтверот за управување со возен парк во кој се дефинирани можностите кои ги нуди софтверот за управување со возен парк:
Во текот на 2018 година доделени се четири овластувања[31] за вршење на работи и задачи на вработени во СОЗР во одделението за превоз и одржување со моторни возила, со кои се овластуваат да вршат работи и работни задачи кои произлегуваат и се поврзани од ново имплементираниот софтверски програм.

Со целосна имплементација на набавениот софтвер за управување со возен парк, ќе се придонесе за поголема контрола во изминатите километри, можност за доставувањето на месечни извештаи до корисниците на услугите за превоз, збирен извештај до генералниот секретар на Владата на РСМ, како и ќе се придонесе за поефикасно работење на одделението за превоз и одржување на моторни возила.

**4.13. Препорака во врска со наод 5.2. од област на ревизија – евиденција на моторните возила и изминатите километри:**

Интензивирањето на активностите кај СОЗР за ставање во функција на ГПС системот за следење на возилата, ќе придонесе за создавање услови за целосен увид и контрола на движењето на моторните возила, утврдување на изминатите километри и локацијата на возилата, со цел ефикасно искористување на возниот парк на СОЗР.

**Препораката не е спроведена:**

Во однос на утврдената состојба дека СОЗР не ги користи ГПС уредите за следење на движењето на моторните возила, ревизијата ја констатира следната состојба:

Од извршениот увид во Извештајот[32] на централна комисија за попис на средства и изворите на средствата за 2017 и 2018 година ревизијата утврди дека од вкупно 64 навигациони уреди, состојбата е следна:

- 10 уреди се дадени со возилата кои се продадени или дадени на трајно отстапување;
- 20 уреди се вградени и се наоѓаат во возилата кои што се користат;
- 5 уреди се на плац;
- 23 уреди се демонтирани и
- 6 уреди се кусок.

[29] Договор број 05-3681/18 од 25.07.2018 година.
[30] Упатство број 02-8068/1 од 28.11.2018 година.
[31]Овластувања број 02-8193/2, број 02-8193/3, број 02-8193/4 од 04.12.2018 година и број 02-1548/1 од 22.12.2018 година.
[32]Извештај број 02-108/17 од 08.02.2018 година

Ваквата состојба укажува дека набавката на ГПС уредите не ја постигнала својата цел, а тоа е следење на моторните возила.
Имено, од одговорните лица добивме образложение дека ГПС уредите не се во функција, бидејќи се работи за технологија стара повеќе од 10 години.

**Насоки за идни активности**

Одговорното лице во СОЗР во соработка со сите учесници во процесот на планирањето на набавките, потребно е во фазата на планирање на набавките, да направи анализа за потребата, имлементацијата и ефектот кој што би се постигнал со набавката, со цел ефективно користење на буџетските средства.

## 5. Состојби кои треба да се нагласат

5.1. Во однос на утврдената состојба, која се однесува дека СОЗР нема утврдено методологија/критериум за определување на класата на моторни возила кои се доделуваат на користење на одделните корисници, констатиравме дека превземени се мерки за надминување на оваа состојба. Имено во текот на 2013 година СОЗР изработила Технички извештај за извршена категоризација и рангирање на моторните возила[33]. Категоризацијата и рангирањето на возилата е извршено врз основа на следните критериуми:

- ранг на одделни групи корисници;
- производствени конструктивни карактеристики на возилата;
- безбедносни карактеристики на возилата;
- производствени експлоатациони карактеристики на возилата;
- моментална техничка состојба на возилата;
- старост на возилата и
- изминати километри.

Возилата во СОЗР се категоризирани во пет категории:

- **возила од 1 категорија** во кои спаѓаат возила за формално највисоките функционери во РСМ, како што се Претседател на РСМ, Претседател на Владата на РСМ, Претседател на Собрание на РСМ, како и странски државници од соодветен ранг кои се во посета на државата. Во оваа категорија спаѓаат 14 возила. Просечната старост на возилата од оваа категорија изнесува 14 години;
- **возила од 2 категорија** во кои спаѓаат возилата на министрите и замениците министри во Владата на РСМ, како и странските државници од соодветен ранг кои се во посета на државата. Во оваа категорија спаѓаат 39 возила. Просечната старост на возилата од оваа категорија изнесува 3 години;

[33]Технички извештај број 27-4392/4 од 09.07.2013 година.

- **возила од 3 категорија** во кои спаѓаат возила за високите функционери во Собранието, министерствата и државните институции при Владата на РСМ, како што се директори, пратеници, државни секретари како и странски функционери од соодветен ранг кои се во посета на државата. Во оваа категорија спаѓаат 25 возила. Просечната старост на возилата од оваа категорија изнесува 11 години;
- **возила од 4 категорија** во кои спаѓаат возила за најопшти потреби за превоз, за кои е надлежна СОЗР. Во оваа категорија спаѓаат 41 возило. Просечната старост на возилата од оваа категорија изнесува 14 години;
- **возила од 5 категорија** во кои спаѓаат возила кои би можеле да бидат предмет на продажба по пат на јавно надавање, од причон што се исполнети критериумите дадени од Владата на РСМ, како што се: возила постари од 15 години, возила со поминати околу 300.000 километри и возила за кои престанала потребата од нивно користење или економски е неоправдана нивната поправка. Во оваа категорија спаѓаат 27 возила. Просечната старост на возилата од оваа категорија изнесува 18 години.

Донесувањето на методологијата за определување на класата на моторни возила кои се доделуваат на користење на корисници на услугите за превоз со моторни возила, се очекува да придонесе за поголема едикасност во извршувањето на услугите за превоз со моторни возила како и ќе го намали ризикот од субјективно постапување при доделувањето на возилата.

5.2. Ревизијата потенцира дека во однос на утврдената состојба, дека право на постојано користење на патничко возило имаат: Претседателот на РСМ, Претседателот на Собранието на РСМ и Претседателот на Владата на РСМ, право на постојано користење на патничко моторно возило со возач и придружно возило има и поранешниот Претседател на Владата на РСМ во времетраење од една година по престанокот на функцијата, потпретседателите на Собранието на РСМ, замениците на Претседателот на Владата на РСМ и министрите, како и други избрани, именувани и назначени лица од Претседателот на РСМ, Собранието на РСМ и Владата на РСМ, доколку за тоа донесе Одлука Владата на РСМ, како и дека во текот на 2011 година од страна на СОЗР доделени се 15 возила без донесена Одлука на Владата на РМ, од кои 13 на постојано користење, додека за 2 моторни возила, дадени на времено користење, донесено е Решение од страна на Директорот на СОЗР, со кое трошоците за користење и одржување на моторните возила, паѓаат на товар на органот на државна управа на кој му се доделува користењето на патничкото моторно возило.

Од извршениот увид во поткрепувачката документација која се однесува за користење на моторни возила за 2018 година, ревизијата утврди дека на постојано користење доделени се 49 патнички моторни возила, за кои е донесена Одлука од страна на Владата на РСМ.

## 6. Заклучок

Со оваа ревизија утврдивме дека од 13 препораки дадени во Конечниот извештај 7 (седум) препораки (54%) се спроведени целосно, 4 (четири) препораки (30%) се спроведени делумно, 1 (една) препорака (8%) е неприменлива поради извршени измени на законските акти и 1 (една) препорака (8%) не е спроведена.

Согласно статусот на имплементација на препораките и извршената оценка на соодветноста на преземените мерки ни обезбедуваат основа да изразиме заклучок дека преземени се активности и мерки за дел од дадените препораки со што постои потреба од дополнителни активности во наредниот период за целосно спроведување на препораките.

Исто така потребно е одговорното лице на СОЗР да продолжи со активностите за целосна реализација на препораките во насока на:

- дополнување на Одлуката за основање на СОЗР, со која ќе се предвиди изготвување и донесување на годишен извештај за работата на СОЗР
- усогласување на законската и подзаконската регулатива;
- изработување на стручни анализи за искористеноста на моторните возила;
- подобрување на кадровската екипираност на одделението за превоз и одржување со моторни возила;
- следење на користењето на службените моторни возила преку софтверот за управување со возниот парк;
- воведување на пракса на доставување месечни извештаи до корисниците на услугите за превоз со моторни возила;
- навремено отпочнување на целокупните активности за склучување на договори за превоз со моторни возила;
- имплементација на набавениот софтвер за управување со возен парк и
- анализа за потребата, имлементацијата и ефектот кој што би се постигнал со набавката на определена опрема, со цел ефикасно користење на буџетските средства.